Упатство за начинот на пријавување на кандидати на

КОНКУРСОТ за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2023/2024 година, на Природно - математички факултет – Скопје

Електронското пријавување во iKnow системот за конкурирање во првиот уписен рок е ОТВОРЕНО и согласно роковите од Конкурсот за упис на кандидатите на Природно-математичкиот факултет во Скопје во учебната 2023/2024 година во првиот уписен рок, ќе се врши до 31.8.2023 година до 14:00 часот.

Кандидатите задолжително треба да се регистрираат во системот за студентски сервиси iKnow – www.upisi.ukim.mk и да ја пополнат електронската пријава. На овој начин идните студенти извршиле успешно електронско пријавување во iKnow системот.

Советуваме, електронската пријава да се пополни благовремено, да не се чека последниот ден (31.8.2022 година) за конкурирање, поради можна преоптеретеност на системот.

Пријавувањето, односно поднесување на сите документи (наведени подоле) ќе се одвива само во два дена, односно на **30.08.2023 и 31.08.2023** година, во Одделението за студентски прашања при факултетот, од 8:00 до 14:00 часот, со ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО, во горната зграда-нов дел.

УПАТСТВО ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ПРИЈАВУВАЊЕ (ЕЛЕКТРОНСКА ПРИЈАВА)

НАПОМЕНА: Електронската пријава се пополнува со кирилична поддршка!

Пред пријавувањето во роковите утврдени со Конкурсот, кандидатите ЗАДОЛЖИТЕЛНО ги пополнуваат податоците ЕЛЕКТРОНСКИ преку online порталот за идни студенти на универзитетот УКИМ www.upisi.ukim.mk

Во првиот чекор треба да креирате кориснички профил кликнувајќи на „**Регистрирај се**“.

Како корисничко име внесувате ваш валиден email, а во полето за лозинка, креирајте лозинка различна од лозинката на вашиот email, а која ќе содржи минимум 8 карактери, од кои барем една **голема буква**, еден **специјален знак** и еден **број**. Креирајте кориснички профил дури и ако сте се регистрирале во минатите уписни рокови, бидејќи старите корисничките имиња се бришат.

Откако ќе креирате кориснички профил, следниот пат употребете го своето корисничко име (корисничко име е вашиот email) и лозинка (таа што ја креиравте при регистрацијата) за да се најавите на системот – не креирајте нов профил.

Почнете да ги пополнувате податоците на секоја страница во пријавата, а истите можете да ги менувате во целост сè до поднесување на документите на деновите на упис, односно до пред да кликнете на копчето „ПРАТИ„ кое е последен чекор и по

неговото кликање повеќе немате можност за промени или печатење и прикачување документи (наведени подоле во текстот).

Електронскиот i-Know систем автоматски ги генерира обрасците/изјавите, кои треба да се испечетат и да се потпишат своерачно.

При пополнување на електронската пријава, кандидатите имаат можност да избегнат евентуални грешки во пополнувањето на податоците, затоа што системот дозволува да ги менуваат внесените податоци до денот на уписот, а сите автоматски генерирани документи можат да си ги отпечатат дома и само да ги донесат на Факултетот на деновите за пријавување на факултетот во оргинална форма.

Откако сето ова се заврши, кандидатот треба да притисне на копчето **ПРАТИ** и со тоа електронската пријава е завршена и комплетирана.

НАПОМЕНА: Сето тоа е дозволено до пред да се кликне на „ПРАТИ„!

ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ПРИ ПРИЈАВУВАЊЕ

Пред пријавувањето во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат треба да се регистрира на www.upisi.ukim.mk и да ја пополни електронската пријава од iKnow-системот (објаснето погоре во текстот). Бројот кој што кандидатот автоматски го добил од системот, треба да се внесе и во пријавниот лист (образец А1) (број на пријава)

Пријавувањето, односно поднесување на сите документи (наведени подоле) ќе се одвива само во два дена, односно на **30.08.2023 и 31.08.2023** година, во Одделението за студентски прашања при факултетот, од 8:00 до 14:00 часот, со физичко присуство.

ДОКУМЕНТИ ВО ОРИГИНАЛ:

1. Пријавен лист за конкурирање за упис на прв циклус студии
– (образец А1, се купува во книжара),

2. Оригинални свидетелства од сите години/класови,

3. Документ за положена државна матура (Оригинално свидетелство за завршено средно образование за кандидатите кои не полагале државна матура),

4. Извод од матична книга на родените (оригинал),

5. Доказ за државјанство на РС Македонија (уверение или решение), оригинал,

6. Дипломи/награди на републички и меѓународни натпревари, што евентуално биле освоени во текот на средното образование (доколку кандидатот ги поседува)

ОБРАСЦИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПЕЧАТАТ ОД I-KNOW СИСТЕМОТ И СВОЕРАЧНО ДА СЕ ПОТПИШАТ:

7. Универзитетски пријавен лист,

8. Интерен пријавен лист,

9. Изјава за лични податоци,

10. Изјава за припадност на заедниците, кои не се мнозинство во РС Македонија,

ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПОТВРДИ ЗА УПЛАТИ

11. Потврда/Уплатница за уплатени 300 денари на жиро сметка на Природно-математичкиот факултет во Скопје (образец ПП50)

12. Потврда/Уплатница за уплатени 50 денари за административна такса (образец ПП50)

За **ВОНРЕДНИТЕ** студенти, важи сето претходно спомнато, кои согласно глава VI од конкурсот, треба да го приложат плус следниов документ:

- M1/M2 образец заверен на нотар (доколку се во редовен работен однос) или,

- лекарско уверение (доколку студентите од оправдани причини не можат да се запишат како редовни, а за оправдани причини се сметаат: инвалид кој ме може да ја посетува наставата, потешка долготрајна болест, која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар, родител на дете додека трае породилното отсуство.

Конкурсна комисија

при Природно-математичкиот факултет-Скопје,